# Република Северна Македонија

## Проект за подобрување на социјалните услуги -ППСУ проект
## Кредит бр: 8902 –МК

# ПОВИК ЗА ПОНУДИ
## за
## Доградба на Ј.У.О. детска градинка „Гоце Делчев“ (р.е. Срничка) - општина Пробиштип

## Реф.бр. MK/SSIP # 2.1.1.13

1. Република Северна Македонија доби кредит од Светската Банка за спроведување на Проектот за подобрување на социјалните услуги и има намера дел од добиените средства од овој кредит да ги искористи за плаќања по договор за Доградба на Ј.У.О. детска градинка „Гоце Делчев“ (р.е. Срничка) - општина Пробиштип.

2. Министерството за труд и социјална политика ги повикува квалификуваните понудувачи да достават понуди во затворени плика за градежни работи за Доградба на Ј.У.О. детска градинка „Гоце Делчев“ (р.е. Срничка) - општина Пробиштип.

3. Процесот на набавка ќе се спроведе согласно набавниот метод “ Национално конкурентно наддавање” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година” и е отворен за сите понудувачи како што е наведено во Прописите за набавка.

4. Заинтересираните понудувачи може да добијат дополнителни информации и да направат увид во тендерската документација на адресата наведена подолу од 08:30 до 16:30: Министерство за труд и социјална политика , Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Телефон: +389(0)23296-807

Електронска адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

5. Тендерска документација на македонски јазик заинтересираните понудувачи може да ја добијат по поднесување на писмено барање на следнава е-маил адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

Тендерската документација ќе биде доставена електронски или истата ќе може да се подигне лично од просториите на Министерството за труд и социјална политика на Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

6. Сите понуди мора да бидат придружени со банкарска гаранција од 550.000,00 МКД.

7. Понудите мора да се доставаат на адреса: Министерство за труд и социјална политика (архива на приземје), ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, најдоцна до 11:00 часот на : **30.10.2020 година**. Електронско доставување на понудите не е дозволено. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени.

8. Понудите ќе бидат отворени јавно во присуство на претставници на понудувачите кои ќе сакаат да присуствуваат на јавното отворање како и од други лица кои ќе сакаат да присуствуваат на јавното отворање кое ќе се одржи: **30.10.2020 година** во 11 часот на следната адреса: Министерство за труд и социјална политика, соба за конференции бр:1, ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.